# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА НА УЧИЛИШТЕТО
**2026 – 2030 година**

***Штип, 2026 година***

***Програмата за развој на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“- Штип, 2026 – 2030 година, е направена врз основа на приоритетите од спроведенете самоевалуации во изминатиот период, и по препораките од извршените досегашни интегрални евалуации од Државниот просветен инспекторат***

| ***Програма за развој на училиштето*** | |
|---|---|
| Училиште | СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“- Штип |
| Адреса | Ул. „Васил Главинов“ бр. 4, Штип |
| Контакт податоци (тел., факс, е-маил, веб страна) | 032 / 391 459 , 032 / 380 633<br>sstojmenski@yahoo.com<br>www.slavcostojmenski.edu.mk |
| Период на подготовка на ПРУ | Март, 2026 г. |
| Број на ученици во училиштето | 409 (175 момчиња и 234 девојчиња) |
| Број на подрачни училишта | / |
| Училишен директор | |
| Име и презиме | Весна Ристова |
| Потпис | |
| Датум | |
| Одобрување од УО | |
| Име и презиме | Сашко Богатинов |
| Потпис | |
| Датум | |

## *Изјава на училиштето за визија / мисија*

Мисијата ја претставува целта на постоењето на нашето училиште. Низ секојдневно континуирано реализирање на поставените цели и задачи, мисијата соодветствува на резултатите што ги постигнуваат учениците, наставниот и стручниот кадар.

### *М И С И Ј А*

***Гимназијата ,,Славчо Стојменски“ - Штип е воспитно-образовна институција со воспоставен систем на демократски вредности што се рефлектираат преку здрава, безбедна, дисциплинирана и стимулативна средина за учење во која се негува современа актуелна училишна култура и овозможува градење на младите луѓе во интелектуално, емотивно, социјално, еколошко, мултикултурно свесни, морално зрели личности достојни за почит во општеството.***

Каде сме ние сега и каде сакаме да бидеме во иднина. Визијата на училиштето ни го претставува патот по кој обединето чекориме кон замислената, реално остварлива проекција и колективно ниво на аспирација. На тој начин, стоиме цврсто на земјата, справувајќи се со промените во опкружувањето, а секогаш спремни да се фатиме во костец со предизвиците кои ги носат промените искористувајќи ги во конструктивна и позитивна смисла, за да им се даде поттик, поддршка и сигурност на голем број генерации наши ученици

### *В И З И Ј А*

***Современо европско училиште со јасно поставени стратешки цели за квалитет во образованието преку вклучување на научно-технолошки постигнувања, информатичка технологија, креативни методи и техники за активна настава и учење, тимска работа, партнерски однос со родителите и локалната заедница, изградени капацитети за децентрализирано образование. Светилник кој го осветлува патот до успехот на генерациите што доаѓаат, за да го пронајдат заслуженото место под сонцето.***

***Цели на училиштето***

- ***Да се остварува постојана координација помеѓу сите субјекти во решавањето на прашањата од воспитно-образовниот процес;***
- ***Да се негува современа и актуелна култура што се манифестира преку чиста, безбедна и дисциплинирана средина;***
- ***Да обезбедува здрава и пријатна училишна клима за работа;***
- ***Да развива повеќенасочна позитивна комуникација;***
- ***Да се поддржуваат добрите страни кај учениците и градење на психо - физички здрави личности;***
- ***Да се почитуваат правата и обврските на учениците;***
- ***Да се оoбезбеди инклузивно образование;***
- ***Да се обезбедува стимулативна средина преку голем број активности;***
- ***Да се имплементира информатичката технологија во наставата;***
- ***Да се поставуваат јасни цели за постигнување на респектирани резултати;***
- ***Да се практикуваат активни методи за креативна настава и учење;***
- ***Да се промовира доживотно учење:***
- ***Да се развива тимската работа и соработка;***
- ***Да се практикува демократија;***
- ***Да се имплементира меѓуетничка и мултикултурна интеграција;***
- ***Да се градат партнерски односи со родителите, Локалната самоуправа и Локалната заедница.***

***Вовед во Развојната програма на училиштето***

Стабилноста на едно училиште ја одржуваат следните три столба: цел, практика и постигнувања. Постоењето на секое училиште ќе биде неизвесно, доколку не постои воспоставен систем на цели што се основа за градењето на училишната развојна визија. Во таа визија се вградени многу желби, надежи, интенции, планови, како лични, така и училишни. Овие три столба треба да се третираат паралелно и тоа:

- Од аспект на процесот на работа, живеење и планирањето на целите на училиштето;
- Од аспект на индивидуите во тој процес.

Планирањето е одличување за најоптимален, а воедно и реален пат до целта. Во тој контекст, училишното развојно планирање, претставува организиран, систематизиран и институционализиран процес во кој училиштето е реализатор и креатор на сопствените промени, при што степенот на автономноста и одговорноста во остварувањето на активностите е голем.

Процесот на планирање во училиштето овозможува анализа на состојбите во училиштето, донесување на важни одлуки, ефикасно користење на сопствените ресурси, самостојно преземање на иницијатива и одговорност и обединување на сите сили за остварување на зацртаните цели од развојниот план.

Во планирањето за развој и модернизација на нашето училиште секогаш се држиме на принципите за **јасност, конкретност и реалност** и ги содржи следниве елементи:

- Анализа на состојбите во училиштето - внатрешна евалуација (самоевалуација);
- Дефинирање на Мисијата на училиштето;
- Дефинирање на Визијата на уилиштето;
- Подрачја на промени преку дефинирање на стратешки, развојни, конкретни цели, активности, задачи, носители и временски рамки;
- Евалуација – екстерна евалуација.

Она што не поттикнува на континуирано унапредување на капацитетите, е парадигмата за современо училиште.

Она, што не мотивира, го поттикнува квалитетот на нашето училиште, го прави динамичен, целесообразен систем, е континуираното

самоевалуирање на целокупната работа, во сите подрачја, преку индикаторите на квалитет:

1. Наставни планови и програми,
2. Постигнувањата на учениците,
3. Учењето и наставата,
4. Поддршка на учениците и воншколските активности,
5. Климата,
6. Ресурси - човечки, материјални, финансиски, и
7. Раководењето и креирање на политиката на училиштето.

Процесот на самоевалуација како сеопфатна анализа на состојбите во Гимназијата, ни дава реална слика за тоа:

- Каде сме ние сега?
- Што е она, што го работиме добро?
- Што другите мислат дека работиме добро?
- Што можеме да направиме подобро?
- Каде сакаме да бидеме?

Преку одговорите на овие значајни прашања ги откриваме јаките страни на работата на нашето училиште, водиме грижа за нивно успешно опстојување, но исто така ги откриваме и нашите слаби страни (приоритети), кои треба да ги развиваме и усовршуваме.

На тој начин го градиме сопствениот концепт за развој на училиштето, со јасно и прецизно поставени стратешки и развојни цели и ефикасна операционализација на истите преку голем број активности во кои се вклучени човечки ресурси како од училиштето така и од локалната заедница, го градиме сопствениот препознатлив стил (имиџ) и водиме грижа за јавното мнение.

* Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до цели за развој

| Каде сме сега?<br>Самоевалуација на училиштето – приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br>Развојна програма на училиштето - стратешка цел |
|---|---|
| 1. Да се продолжи со трендот на континуирано професионално и лично усовршување на наставниот кадар, стручната служба и учениците, со соодветни обуки и работилници, како заложба за доживотно учење;<br><br>2. Продолжување со спроведувањето на воспоставениот систем од мерки за зголемување на редовноста на учениците, односно намалување на вкупниот број на изостаноци во текот на наставната година.<br><br>3. Неопходно е да се продолжи со унапредување на планирањето и реализацијата на програмата за работа со надарените и талентираните ученици, со што уште повеќе би се зголемил квалитетот и нивото на постигнувањата на училиштето.<br><br>4 Да се разработи современа стратегија (организациски, содржински и методолошки) која ќе | **1. Подобрување на квалитетот на наставата** |

| | |
|---|---|
| делува мотивирачки кај надарените и талентираните ученици и ќе овозможи да се сфати неопходноста и вистинското значење во развивање на креативниот и иновативниот потенцијал кај овие ученици.<br><br>5. Советодавна помош на учениците во однос на нивните компетенции и идно насочување за професионален избор и развој.<br>- Едукативни програми за зачувување на здрав емоционален и психо – физички развој на учениците.<br>- Едукација на наставниот кадар и стручни соработници со методологијата на проценување и вреднување на психо – физичките состојби на учениците за нивна правилна инклузија.<br><br>6.. Продолжување на трендот за вклучување на родителите во решавањето на предизвициците поврзани со родевноста, поведението, дисциплината на учениците, преку нивното присуство на формалните, неформалните средби, како и вклучување и соработка на родителите во различни активности и проекти кои се реализираат во училиштето. | |

* Од приоритети на самоевалуацијата на училиштето до цели за развој

| Каде сме сега?<br>Самоевалуација на училиштето - приоритети | Каде сакаме да бидеме?<br>Развојна програма на училиштето - стратешка цел |
|---|---|
| 1. Потребно е (поставување) целосна реконструкција на дотраената, и на многу места оштетена фасада на училиштето која не обезбедува термо изолација и е енергетски неефикасна;<br><br>2. Потребна е промена на дел од прозорите во училиштето (алуминиумски) кои не обезбедуваат потребна изолација во просториите и има загуба на оптимална временска температура;<br><br>3. Потребно е пренаменување и опремување на сосема нефункционална и неискористена просторија во подрумскиот дел на зградата,( пренатрупана со ИТ застарена опрема, и друг нерасходен отпад), во повеќенаменска просторија, за потребите на учениците и вработените | **2. Подобрување на условите за работа на училиштето** |

**Од стратешка цел кон развојна цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **1. Подобрување на  квалитетот во наставата** | 1.1 Продолжување со спроведувањето на воспоставениот систем од мерки и разработување на поефикасни форми и методи на работа за зголемување на редовноста на учениците, односно намалување на вкупниот број на изостаноци во текот на наставната година |
| | 1.2 Унапредување на планирањето и разработување на современа стратегија (организациски, содржински и методолошки) за  реализацијата на програмата за работа со надарените  и талентираните  ученици,  која ќе делува мотивирачки кај надарените и талентираните учениците и ќе  овозможи да се сфати  неопходноста и  вистинското значење во развивање на креативниот и иновативниот потенцијал кај овие ученици. |
| | 1.3 Разработување на  методологијата за  проценување и вреднување на психо – физичките состојби на учениците, нивните компетенции за идно насочување, професионален избор и развој и правилна инклузија. |

| | |
|---|---|
| | 1.4 Продолжување на трендот за вклучување на родителите во животот на училиштето на формалните и неформалните средби, вклучување и соработка на родителите во различни активности и проекти. |

**Од стратешка цел кон развојна цели**

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **2. Подобрување на условите за работа на училиштето** | 2.1 Обновување, целосна реконструкција на дотраената, и на многу места оштетена фасада на училиштето која не обезбедува термо изолација и е енергетски неефикасна; |
| | 2.2 Подобрување на условите со промена на дел од прозорите во училиштето кои не обезбедуваат потребна изолација во просториите и има загуба на оптимална временска температура;<br>2.3 Пренаменување и опремување на сосема нефункционалната и неискористена просторија во подрумскиот дел на зградата, во повеќенаменска просторија, за потребите на учениците и вработените. |

**Табела на соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојна цел | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1 | Година 2 | Година 3 | Година 4 |
| 1.1 Продолжување со спроведувањето на воспоставениот систем од мерки и разработување на поефикасни форми и методи на работа за зголемување на редовноста на учениците, односно намалување на вкупниот број на изостаноци во текот на наставната година. | 1. Да се согледа потребата од поефикасни форми и методи на работа со учениците. | *Зголемување на толеранцијата на предметните наставници за учениците кога не се подготвени за час;<br>*Изрекување на педагошки мерки;<br>*Советување на родители и ученици;<br>Неизоставно запишување на учениците кои отсуствуваат од часови; | | | |
| | 2. Да се овозможи позитивно влијание на наставниците врз учениците. | *Воспоставување на пријателски однос помеѓу учениците и наставниците; | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | *Изоставување на тестови повторување по повеќе предмети во ист ден;<br>*Мотивирање и активно вклучување на учениците на часовите преку методи и техники на работа во (групи со креативна настава и мотивирачки техники за учење); | | | |
| | 3. Да се вклучат родителите во оправдувањето на изостаноците. | Изготвување на листи за евиденција на отсуства кај учениците;<br>*Благовремено информирање на родителите за отсуството на ученикот;<br>*Повикување на | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | родителот на разговор кај психологот и педагогот;<br>*Најавување (однапред) од страна на родителот за можно отсуство на ученикот;<br>*Оправдување на отсуствата на ученикот кај кл. раководител и директор; | | | |
| | 4. Да се намали вкупниот број на изостаноци кај учениците. | Анализирање на причините за отсуства на учениците;<br>*Изготвување на извештај за бројот на изостаноци кај учениците во изминатите три учебни години;<br>* Евалуирање на состојбата со | *Изготвување на извештај за бројот на изостаноци кај учениците во изминатите три учебни години;<br>* Евалуирање на состојбата со бројот на изостаноци;<br>*Презентирање на добиените | *Изготвување на извештај за бројот на изостаноци кај учениците во изминатите три учебни години;<br>* Евалуирање на состојбата со бројот на изостаноци;<br>*Презентирање | *Изготвување на извештај за бројот на изостаноци кај учениците во изминатите три учебни години;<br>* Евалуирање на состојбата со бројот на изостаноци;<br>*Презентирање на добиените |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | бројот на изостаноци; *Презентирање на добиените резултати на Наставнички совет и Советот на родители. | резултати на Наставнички совет и Советот на родители. | на добиените резултати на Наставнички совет и Советот на родители. | резултати на Наставнички совет и Советот на родители. |

**Табела на соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојна цел | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Година 1** | **Година 2** | **Година 3** | **Година 4** |
| 1. Унапредување на планирањето и разработување на современа стратегија (организациски, содржински и методолошки) за реализацијата на програмата за работа со надарените и талентираните | 1. Да се идентификува потребата од унапредување и реализација на настава со надарени и талентирани ученици. | * Организирање на состанок на Наставничкиот совет, кој ќе ја истакне потребата од задолжителна реализација на Унапредување на планирањето и разработување на современа | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ученици, која ќе делува мотивирачки кај надарените и талентираните учениците и ќе овозможи да се сфати неопходноста и вистинското значење во развивање на креативниот и иновативниот потенцијал кај овие ученици. | | стратегија (организациски, содржински и методолошки) за реализацијата на програмата за работа со надарените и талентираните ученици, која ќе делува мотивирачки .. | | | |
| | 2. Да се испланира и осмисли (организациски, содржински и методолошки) наставната работа со надарени и талентирани ученици. | *.Изготвување на Наставен план и програма за работа со надарени и талентирани ученици. | | | |
| | 3. Да се анализира сопствената работа и програма, да се додадат препораки за понатамошна поуспешна | *Споделување на искуствата меѓу наставниците. | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | реализација на работата со надарени и талентирани ученици. | | | | |
| | 4. Да се следи и поднесе извештај за реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици. | 1. Евалуирање на успешноста од реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици и исходите од истата. | 1. Евалуирање на успешноста од реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици и исходите од истата. | 1. Евалуирање на успешноста од реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици и исходите од истата. | 1. Евалуирање на успешноста од реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици и исходите од истата. |

**Табела која го покажува соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојна цел | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1 | Година 2 | Година 3 | Година 4 |
| 1.2..Разработување на методологијата за проценување и вреднување на психо – физичките состојби на учениците, нивните компетенции за идно насочување, професионален избор и развој, и правилна инклузија. | 1. Да се идентификува потребата од обука на стручен тим и директор за методологијата за проценување и вреднување на психо – физичките состојби на учениците, нивните компетенции за идно насочување, професионален избор и развој, и правилна инклузија. | * Организирање на состанок на Наставничкиот совет, кој ќе ја истакне потребата од обука;<br>*.Донесување на одлука за одржување на обука;<br>* Формирање на тим кој ќе ја координира активноста;<br>* Опредекување на лица кои ќе учествуваат на обуката. | | | |
| | 2. Да се обезбедат стручни лица кои ќе ја вршат обуката. | * Поднесување на барање за стручни и компетентни лица за извршување на обуката. | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Да се обезбедат средства за обука. | * Изготвување на финансиска конструкција (предлог буџет)<br>* Презентација на предлог буџет пред донатори. | | | |
| | 4. Да се планира и реализира обуката. | * Определување на просторија каде ќе се изведува обуката;<br>Определување на термини за изведување на обуката;<br>Реализирање на обуката. | | | |
| | 5. Да се дисеминира обуката на наставниот кадар и стручните соработници од училиштето. | * Пренесување на обуката кон необучениот наставен кадар и стручни соработници во училиштето. | * Следење на дисеминацијата евлуација на пренесената обука | * Следење на дисеминацијата евалуација на пренесената обука | * Следење на дисеминацијата евалуација на пренесената обука |

**Табела која го покажува соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојна цел | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1 | Година 2 | Година 3 | Година 4 |
| 1.Продолжување на трендот за вклучување на родителите во животот на училиштето на формалните и неформалните средби, како и вклучување и соработка на родителите во различни активности и во рамки на проектот за Меѓуетничка | 1. Да се согледаат постоечките форми на соработка со родителите. | * Формирање на работен тим:* . Изготвување на прашалник за наставниците, родителите и стручните соработници;<br>* Анализирање на резултатите;<br>* Информирање на наставниците и родителите од анализираните резултати; | | | |
| | 2 Да се изврши проценка за потребата од вклучување на родителите во различни активности и зајакнување на соработката со училиштето. | * Изготвување на инструмент за проценка на ставовите на родителите;<br>* Анализирање на резултатите;<br>* Информирање на родителите и наставниците; | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| интеграција на младите во образованието. | | | | | |
| | 3. Да се испланира и реализира обуката со родителите. | * Определување на локација;<br>* Изготвување на буџет за трошоци;<br>* Презентација на буџетот пред Совет на родители;<br>* Поднесување на барање за ангажирање на стручни и компетентни лица за извршување на обуката вработени во институцијата;<br>* Одредување на временска рамка за реализација на обуката; | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | * Обучување на родителите за успешна соработка и вклучување во животот на училиштето. | | | |
| | . 4. Да се реализираат креативни работилници со родителите | . * Формирање на работен тим за реализирање на креативни работилници со родителите | * Следење на работата од работниот тим на училиштето. | *Следење на работата од работниот тим на училиштето. | *Следење на работата од работниот тим на училиштето. |

**Табела која го покажува соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојна цел | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1 | Година 2 | Година 3 | Година 4 |
| 1. Обновување, целосна реконструкција на дотраената, и на многу места оштетена фасада на училиштето која не обезбедува термо изолација и е енергетски неефикасна; | 1. Да се идентификува постоечката состојба на фасадата на училишната зграда | Состанок на Раководниот тим и Училишниот одбор. | | | |
| | 2. Да се изврши проценка на потребните сегменти за реконструкција/ поставување на термо фасада. | *Одржување состанок на тимот со одговорните субјекти. Состанок и презентација пред Училишен одбор и донесување одлука за реконструкција. *Распределба на задолженија; | | | |
| | 3. Да се обезбедат средства за реконструкција, обновување на термо фасадата | . | *Изработување на проект и утврдување на предлог-буџет на трошоци. * Презентација на предлог-буџетот пред | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Градоначалникот и Советот на Општина Штип | | |
| | 4. Да се операционализи-раат зацртаните планови. | | | Подготвување на тендерска документација;<br>-Распишување на тендер;<br>Доставување на понуди од набавувачи;<br>Избор на најдобра понуда и изведувач;<br>Стучен надзор на градежните работи;<br>*Промена на оштетената фасада на училишнита зграда. | |

**Табела која го покажува соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојна цел | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1 | Година 2 | Година 3 | Година 4 |
| 1.Подобрување на условите за работа со промена на дел од прозорите во училиштето (алуминиумски) кои не обезбедуваат потребна изолација во просториите и има загуба на оптимална временска температура; | 1. Да се идентификува потребата од промена на дел од прозорите во училишните простории. | Одржување состанок на раководниот тим и Училишниот одбор;<br>*Формирање на тим од стручни лица за идентификација.<br>. * Снимање на постоечката инфраструктура.<br>* Изработка на извештај од извршениот увид со предлог заклучоци | ; | | |
| | 2. Да се идентификува постоечката функционалност на прозорите во училиштето. | * Одржување на состанок на субјектите;<br>*Формирање на тимови од стручни лица за реализација на активности;<br>*Распределба на задолженија; | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Да се презентира предлогот и извештајот за промена на дел од прозорите. | 1, Организирање на состанок на Наставничкиот совет на училиштето и информирање на истиот;<br>2. Организирање на седница на Училишниот одбор;<br>3. Донесување на одлука за промена на алуминиумските прозори; | | | |
| | 4. Да се обезбедат средства. | *Изработување на проект и утврдување на предлог-буџет на трошоци.<br>* Презентација на предлог-буџетот пред Градоначалникот и Советот на Општина Штип | | | |
| | 5. Да се изврши промена на алуминиумските прозори, со ПВЦ прозори во училиштето; | *Изведување на подготвителни работи;<br>Подготвување на тендерска документација; | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | -Распишување на тендер<br>Доставување на понуди од набавувачи;<br>Избор на најдобра понуда и изведувач;<br>-Спроведување работни активности за промена на алуминиумските прозори. | | | |

**Табела која го покажува соодносот помеѓу развојните цели, конкретните цели и активностите**

| Развојна цел | Конкретни цели | Активности (дејствија) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Година 1 | Година 2 | Година 3 | Година 4 |
| 1.Подобрување на условите со пренаменување и опремување на сосема нефункционална и неискористена просторија во подрумскиот дел на зградата, во повеќенаменска просторија, за потребите на учениците и вработените. | 1. Да се идентификува потребата од пренаменување и опремување на просторијата во подрумскиот дел зградата | | Одржување состанок на раководниот тим и Училишниот одбор;<br>*Формирање на тим од стручни лица за идентификација.<br>. | * Снимање на постоечката состојба на просторијата;<br>* Изработка на извештај од извршениот увид со предлог заклучоци; | |
| | 2. Да се идентификува постоечката состојба на просторијата . | | | * Одржување на состанок на субјектите;<br>*Формирање на тимови од стручни лица за реализација на активности (тим А – расчистување на просторијата од ИТ застарената опрема, и друг нерасходен отпад и тим Б- опремување и | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | пренаменување во повеќенаменска);<br>* Распределба на задолженија; | |
| | 3. Да се презентира предлогот и извештајот за пренаменување и опремување на нефункционална-та во повеќенаменска просторија. | | | 1, Организирање на состанок на Наставничкиот совет на училиштето и информирање на истиот;<br>2. Организирање на седница на Училишниот одбор;<br>3. Донесување на одлука за расчистување на отпадот, пренаменување и опремување; | |
| | 4. Да се обезбедат средства. | | | *Изработување на проект и утврдување на предлог-буџет на трошоци.<br>* Презентација на предлог-буџетот пред | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Градоначалникот и Советот на Општина Штип | |
| | 5. Да се изврши пренаменување и опремување на повеќенаменската просторија. | | | | *Изведување на подготвителни работи;<br>Подготвување на тендерска документација;<br>-Распишување на тендер<br>Доставување на понуди од набавувачи;<br>Избор на најдобра понуда и изведувач;<br>Изведување на потребни зафати за ентериерно уредување. |
| | 6.Да се пушти во употреба повеќенаменската просторија | | | . | Информирање за сите активности и случувања. кои ќе се реализираат ( работилници, презентации, обуки, состаноци) |

**Целосна имплементација на готовиот план**

**Стратешка цел: Подобрување на квалитетот на наставата**
**Развојна цел: 1.1. Продолжување со спроведувањето на воспоставениот систем од мерки и разработување на поефикасни форми и методи на работа за зголемување на редовноста на учениците, односно намалување на вкупниот број на изостаноци во текот на наставната година.**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | Временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1. Да се согледа потребата од поефикасни форми и методи на работа со учениците. | Зголемување на толеранцијата на предметните наставници за учениците кога не се подготвени за час;<br>*Изрекување на педагошки мерки;<br>*Советување на родители и ученици;<br>Неизоставно запишување на учениците кои отсуствуваат од часови; | Предметни наставници;<br><br>Класни раководи-тели,<br><br>Директор<br><br>Психолог,<br><br>Педагог | Во училиште | Сопствени | август, 2026 г | Зголемена толеранција на предметните наставници;<br>Изречени педагошки мерки;<br>Советувани родители и ученици;<br>Запишани отсутни ученици. | Записници од разговори со ученици;<br>*Список на запишани отсутни ученици;<br>*Листа за попис на изречени педагошки мерки;<br>*Покани и записници од советувања на родители и ученици;<br>*Извештаи од класните раководители; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Да се овозможи позитивно влијание на наставниците врз учениците. | Воспоставување на пријателски однос помеѓу учениците и наставниците; *Изоставување на тестови и повторување по повеќе предмети во ист ден; *Мотивирање и активно вклучување на учениците на часовите преку методи и техники на работа во (групи со креативна настава и мотивирачки техники за учење); | *Предметни наставници; Класни раководи-тели Психолог Педагог | Во училиште | Сопствени | Во текот на четири последо-вателни наставни години . | Воспоставен пријателски однос помеѓу учениците и наставници-те; *Изоставени повторувања и повеќе тестови во ист ден; *Мотивирани и вклучени ученици во активна настава; | Записници од напревени разговори со ученици и наставници *Извршени увиди во педагошката документа-ција; *Записници од класни раководители; |
| 3. Да се вклучат родителите во оправдувањето на изостаноците. | Изготвување на листи за евиденција на отсуства кај учениите; *Благовремено информирање на родителите за | Директор; Класни раковод-ители; Психолог | Во училиште | Сопствени | Во текот на четири последо-вателни наставни години | Вклучени родители во оправдува-њето на изостаноците на учениците | Евидентирани испратени покани за разговори до родителите; *Записници од направени разговори; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | отсуството на ученикот;<br>*Повикување на родителот на разговор кај психологот-педагогот<br>*Најавување (однапед) од страна на родителот за можно отсуство на ученикот;<br>*Оправдување на отсуствата на ученикот ка кл. раководител и директор; | Педагог;<br><br>Родители. | | | | | Е-дневници<br>*Листа за оправдување на изостаноци кај класни раководители. |
| 4. Да се намали вкупниот број на изостаноци кај учениците | *Анализирање на причините за отсуства на учениците;<br>*Изготвување на извештај за бројот на изостаноци кај учениците за изминатите три учебни години;<br>*Презентирање | наставници<br><br>психолог<br><br>педагог<br><br>директор | Во училиште | Сопствени | На крајот на наставните години | Намален бројот на изостаноци-те кај учениците | *Извештај од анализата за отсуства кај учениците<br>*Извештај од компаративна та анализа за отсуства за изминати те три учебни години;<br>*Записници од |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на добиените резултати на Наставнички совет и Советот на родители. | | | | | | Наставничи совет и Совет на родители. |

**Целосна имплементација на готовиот план**

**Стратешка цел: Подобрување на квалитетот на наставата**
**Развојна цел: 2.1 Унапредување на планирањето и разработување на современа стратегија (организациски, содржински и методолошки) за реализацијата на програмата за работа со надарените и талентираните ученици, која ќе делува мотивирачки кај надарените и талентираните учениците и ќе овозможи да се сфати неопходноста и вистинското значење во развивање на креативниот и иновативниот потенцијал кај овие ученици**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | Временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1. Да се идентификува потребата од унапредување и реализација на настава со надарени и талентирани ученици | 1. Организирање на состанок на Наставничкиот совет, кој ќе ја истакне потребата од задолжителна реализација на унапредување на планирањето и разработување на современа стратегија (организациски, содржински и методолошки) за | директор<br><br>секретар<br><br>наставници<br><br>педагог<br><br>психолог | Во училиште | сопствени | август, 2026 г | Одржан состанок на Наставнички совет | Записници од Наставнички совет, Евиденција за присуство |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | реализацијата на програмата за работа со надарените и талентираните ученици, која ќе делува мотивирачки. | | | | | | |
| 2. Да се изланира и осмисли (организациски, содржински и методолошки) наставната работа со надарени и талентирани ученици. | 1.Изготвување на Наставен план и програма за работа со надарени и талентирани ученици. | Предметни наставници<br><br>педагог<br><br>психолог | Во училиште (простор, компјутер, хартија, тонер) | сопствени | септември 2026 г. | Испланирана и осмислена наставната работа со надарени и талентирани ученици. | Изготвени глобални, тематски, дневни планирања |
| 3. Да се анализира сопствената работа и програма, да се ддадат препораки за понатамошна поуспешна реализација на работата со надарени и талентирани ученици. | 1.Споделување на искуствата меѓу наставниците. | | Во училиште (простор, компјутер, хартија, тонер) | сопствени | Континуирано во текот на наставната година. | Споделени искуства меѓу наставниците и стручните активи. | Извештаи од Стручните активи |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Да се следи и поднесе извештај за реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици. | 1. Евалуирање на успешноста од реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици и исходите од истата. | | Во училиште | сопствени | На крајот на наставните години | Евалуирана реализацијата на работата со надарени и талентирани ученици и исходите од истата | Извештаи, записници, е-дневници |

**Стратешка цел: Подобрување на квалитетот на наставата**

**Развојна цел: .3.1 Разработување на методологијата за проценување и вреднување на психо – физичките состојби на учениците, идно насочување, професионален избор и развој, за нивна правилна инклузија**

| **Конкретни цели** | **активности** | **ресурси** | | | **Временс-ка рамка** | **индикатори** | **извори на докази** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **човечки** | **физички** | **трошоци** | | | |
| 1. Да се идентификува потребата од обука на стручен тим и директор за методологијата за проценување и вреднување на психо – физичките состојби на учениците, идно насочување, професионален избор и развој, за нивна правилна инклузија. | 1. Организирање на состанок на Наставничкиот совет, кој ќе ја истакне потребата од обука;<br>2. Донесување на одлука за одржување на обука;<br>3. Формирање на тим кој ќе ја координира активноста;<br>4.Определување на лица кои ќе учествуваат на обуката. | Работен тим<br><br>наставници | Во училиште (простор, компјутер, хартија, тонер) | сопствени | август 2026 г. | Утврдена потребата од обука;<br><br>Донесена Одлука | Записник од одржан состанок; Список на вработени кои ќе бидат едуцирани. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Да се обезбедат стручни лица кои ќе ја вршат обуката | 1. Поднесување на барање за стручни и компетентни лица за извршување на обуката<br>. | Работен тим | Во училиште | сопствени | септември 2026 г. | Поднесени барања | Архивски регистер на испратени барања |
| 3. Да се обезбедат средства за обука | 1. Изготвување на финансиска конструкција (предлог буџет)<br>2. Презентација на предлог буџет пред донатори | Работен тим и надворешни членови | Надвор од училиште | Обезбеде-ни по пат на спонзорс-тво и јавно партнерст-во | октомври-ноември 2026 г. | Обезбедени средства | Склучени договори со донатори и партнери |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Да се планира и реализира обуката | 1. Определување на просторија каде ќе се изведува обуката; Определување на термини за изведување на обуката; Реализирање на обуката. | Работен тим<br><br>Консултант-ска куќа | Во училиште | Обезбеде-ни по пат на спонзорст-во и јавно партнерст-во | декември 2026 г.- јануари 2027 г. | Реализирана обука | Обучени вработени<br><br>Сертификати |
| 5. Да се дисеминира обуката на наставниот кадар и стручните соработници од училиштето | 1. Пренесување на обуката кон необучениот наставен кадар и стручни соработници во училиштето. Следење на дисеминацијата, евалвација на пренесената обука. | Работен тим<br><br>Наставници<br><br>Стручни соработници | Во училиште<br><br>компјутер, хартија, тонер, LCD-проектор | сопствени | февруари 2027 г. | Дисеминирана обука | Обучени вработени<br><br>Материјали од пренесената обука<br><br>сертификати |

**Целосна имплементација на готовиот план**

**Стратешка цел: Подобрување на квалитетот на наставата;**
**Развојна цел: Продолжување на трендот за вклучување на родителите во животот на училиштето на формалните и неформалните средби, вклучување и соработка на родителите во различни активности и во рамки на проектот МИМО - Меѓуетничка интеграција на младите во образованието.**

| Конкретни цели | Активности | ресурси | | | Временс-ка рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1. Да се согледаат постоечките форми на соработка со родителите. | 1. Формирање на работен тим:<br>2. Изготвување на прашалник за наставниците, родителите и стручните соработници;<br>3. Анализирање на резултатите;<br>4. Информирање на наставниците и родителите од анализираните резултати. | Работен тим<br>наставници<br>родители | Училиште<br>компјутер, хартија, тонер | Сопствени | август, 2026 г. | Утврдени постоечките форми на соработка со родителите. | - Извештај од ализата на податоци;<br>-Изготвените прашалници;<br>- Листа на постоечки форми на соработка;<br>- Записник од наставнички совет, Совет на родители. |
| 2. Да се изврши проценка за потребата од вклучување на родителите во | 1. Изготвување на инструмент за проценка на ставовите на родителите; | Работен тим<br>наставници<br>родители | Училиште<br>Компјутер, хартија, тонер | Сопствени | септември, 2026 г. . | Извршена проценка на потребите на родителите за зајакнување на | -Записник од родителски-те средби и Совет на родители; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| различни активности и зајакнување на соработката со училиштето. | Анализирање на резултатите; Информирање на родителите и наставниците. | | | | | соработката со училиштето | -Скала на проценка за родителите; -Извештај за обработени-те резултати |
| 3. Да се испланира и реализира обуката со родителите. | 1.Определување на локација; 2. Изготвување на буџет за трошоци; 3, Презентација на буџетот пред Совет на родители; 4. Поднесување на барање за ангажирање на стручни и компетентни лица за извршување на обуката вработени во институцијата; 5. Одредување на временска рамка за реализација на обуката; 6. Обучување на | Работен тим | Училиште<br><br>компјутер, хартија, тонер | сопствени | декември 2026 г. | Испланирана и реализирана обука со родителите. | - Програма за обука на родители;<br>- Записници од родителски средби;<br>- Извештаи од одржани работилници трибини, советувања. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | родителите за успешна соработка и вклучување во животот на училиштето. | | | | | | |
| 4. Да се реализираат креативни работилни со родителите. | 1. Формирање на работен тим за реализирање на креативни работилници со родителите. | Работен тим | Училиште<br><br>компјутер, хартија, тонер | сопствени | јануари- мај 2027 г. | Реализирани креативни работилници со родителите | - Програма за креативни работилници на родители;<br>- Извештаи од одржани работилници трибини, советувања. |

**Целосна имплементација на готовиот план**

**Стратешка цел: Подобрување на условите за работа  на училиштето**

**Развојна цел: 2.2  Обновување, целосна реконстукција на оштетената фасада на училишната зграда;**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1. Да се идентификува постоечката состојба на фасадата на училишната зграда. | Состанок на раководниот тим и Училишниот одбор. | Работен тим<br><br>Стручни лица од ЛС и градежна фирма | Во училиште | сопствени | март, 2027 г. | Иденти-фикувана постоечката состојба на фасадата на училишната зграда | Записници од идентифи-куваната состојба |
| 2. Да се изврши проценка на потребните сегменти за целосна реконструкција  и поставување на термо фасада | Одржување состанок на тимот со одговорните субјекти.<br>Состанок и презентација пред Училишен одбор и донесување Одлука за поставување на фасада<br>Распределба на задолженија | Работен тим<br>Членови на УО<br>Стручни лица од ЛС и градежна фирма. | Во училиште | сопствени | март, 2027 г. | Извршена проценка за реконструк-онструкција и поставување на термо фасада. | Извештаи од состано-ците.<br>Одлука за рекон-струкција.и поставување |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Да се обезбедат средства за обновување на постоечката фасада на училиштето | Изработување на проект и утврдување на предлог-буџет на трошоци.<br>Презентација на предлог-буџетот пред Градоначалникот и Советот на Општина Штип | Работен тим и надворешни лица | Во училиште<br><br>Надвор од училиште | сопствени | април-мај, 2027 г. | Обезбедени средства за реконструк-ција и обновување на фасадата | Аплицирани проекти за грантови |
| 4. Да се операционализи-раат зацртаните планови | Подготвување на тендерска документација;<br>Распишување на тендер;<br>Доставување на понуди од набавувачи;<br>Избор на најдобра понуда,и изведувач;<br>Стучен надзор на градежните работи;<br>Поставување на термо фасада. | Работен тим<br><br>градежна фирма | Во училиште<br><br>средства<br><br>Надвор од училиште | | 2027 / 28 г.<br>За време на летниот распуст на учениците | Подготвена тендерска документација;<br>Распишан тендер;<br>Доставени понуди;<br>Избрана најдобара понуда;<br>Извршена обновување на оштетената фасада на училишната зграда. | Извештај од извршен технички прием |

**Целосна имплементација на готовиот план**

**Стратешка цел: Подобрување на условите за работа на училиштето**
**Развојна цел: 2.2 Промена на дел од прозорите (алуминиумски) во училштето, кои не обезбедуваат потребна изолација и оптимална временска температура;**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1.Да се идентификува потребата од промена на алуминиумските прозори во училишните простории | Состанок на раководниот тим и Училишниот одбор. Формирање на тим од стручни лица за идентификација; Изработка на Изввештај од извршениот увид со предлог заклучоци. | Работен тим<br><br>Стручни лица од ЛС | Во училиште | сопствени | Август, 2026г. | Идентификува-на потребата од промена на алуминиумски-те прозори | Записници од идентифи-куваната состојба |
| 2.. Да се идентификува постоечката функционалност на прозорите во училиштето | * Формирање на тимови од стручни лица идентификација на состојбата и За реализација на активности; | Работен тим<br><br>Надворешни стручни лица | Во училиште компјутер, хартија, тонер | сопствени | август, 2026 г. | Иденти-фикувана постоечката состојба на прозорите во училишните простории | Извештај од извршениот увид |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Распределба на задолженија. | | | | | | |
| 3. Да се презентира предлогот и извештајот за промена на дел од прозорите | Организирање на состанок на Наставничкиот совет, и информирање на истиот за целта; Седница на Училишрн одбор; Донесување на одлука за промена на алуминиумските прозори. | Работен тим<br><br>Надворешни фирми | Училиште<br><br>Простор компјутер, хартија, тонер | сопствени | септември, 2026 г. | Презентиран Извештај Донесена одлука | Записници од состаноците |
| 4. Да се обезбедат средства | Изработување на проект и утврдување на предлог-буџет на трошоци; Презентирање на предлог –буџетот пред Градоначалникот и Советот на Општина Штип.; | Работен тим<br><br>Наставници<br><br>Членови на Училишен одбор | училиште | сопствени | Октомври-декември 2026 г. | Изработе проект Обезбедени средства за промена на прозорите | Записници од спроведени-те активности |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 6 Да се изврши промена на алуминиум-ските прозори со ПВЦ прозори во училиштето | * Изготвување на предлог буџет на трошоци за реализација на активноста;<br>* . Презентација на буџетот на трошоци за реализација на активноста пред спонзори и донатори<br>*. Подготовка на тендерска документација<br>* Распишување тендер за изведувачи и набавувачи на прозори<br>* Доставување понуди од на набавувачи на прозори<br>* .Доставување на понуди од понудувачи<br>* Избор на најдобри понуди;<br>* Вклучување на | Работен тим и надворешни членови | Училиште<br><br>Простор, Компјутер хартија, тонер<br><br>ПВЦ прозори | Обезбедува-ње по пат на спонзорст-во и јавно партнерст-во | јануари 2027 г. | Обезбедени средства | Записници од склучени договори со донатори и партнери |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | родители, Локална заедница и наставници заради намалување на трошоците. | | | | | | |

**Целосна имплементација на готовиот план**

**Стратешка цел: Подобрување на условите за работа на училиштето**
**Развојна цел: 2.2 Подобрување на условите за работа преку пренаменување и опремување на нефункционална и неискористена просторија во подрумскиот дел на зградата, во повеќенаменска просторија;**

| Конкретни цели | активности | ресурси | | | временска рамка | индикатори | извори на докази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | човечки | физички | трошоци | | | |
| 1. Да се идентификува потребата од пренаменување и опремување на просторијата во подрумскиот дел на зградата; | Одржување на состанок на раководниот тим и Училишен одбор*<br>Формирање на тим од стручни лица за идентификација;<br>* Снимање на | Работен тим<br><br>Надворешни стручни лица | Во училиште компјутер, хартија, тонер | сопствени | август, 2027 /28 г. | Утврдена е потребата од повеќенаменс-ка просторија | Извештај од извршениот увид |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | постоечката инфраструктура;<br>* Изработка на извештај од извршениот увид со предлог заклучоци | | | | | | |
| 2. Да се идентификува постоечката состојба на просторијата; | * Одржување состанок на субјектите;<br>* Формирање на тимови од стручни лица за реализација на активноста /тим А – расчистување на просторијата од ИТ застарената опрема, и друг нерасходен отпад, и тим Б – опремување и пренаменување во повеќенаменска)<br>* Распределба на задолженија; | Работен тим<br><br>Надворешни фирми | Училиште<br><br>Простор компјутер, хартија, тонер | сопствени | септември, 2028 г. | Формирани тимови и прифатени задолженија | Записници од состаноци |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. Да се презентира предлогот и извештајот за пренаменување и опремување на нефункционална та, во повеќенаменска просторија; | * Организирање на состанок на Наставничкиот совет и информирање на истиот;<br>* . Организирање на седница на Училишен одбор;<br>* Донесување на одлука за пренаменување на просторијата;; | Работен тим<br><br>Наставници<br><br>Членови на Училишен одбор | училиште | сопствени | октомври, 2028 г. | Организирани состаноци<br><br>Донесени одлуки за пренаменува-ње; | Записници од одржаните состаноци<br><br>Одлуки |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Да се обезбедат средства | * Изготвување на предлог- буџет на трошоци за реализација на активноста;<br>* Презентација на предлог- буџетот на трошоци за реализација на активноста пред Градоначалникот, Советот на Општина Штип, спонзори и донатори<br>. | Работен тим и надворешни членови | Училиште<br><br>Простори-ја<br><br>Опрема | Обезбеде-ни по пат на спонзорст-во и јавно партнерст-во | Ноември-декември, 2028 г. | Обезбедени средства | Склучени договори со донатори и партнери |
| 5. Да се изврши пренаменува-ње и опремување на повеќенамен ската просторија;; | Изготвување на подготвителни работи;* Подготовка на тендерска документација * Распишување тендер; * . Доставување на понуди од набавувачи и изведувачи; . | Работен тим<br><br>Наставници<br><br>Членови на Училишен одбор | училиште | сопствени | Март - април 2029 г. | Подготвена документација;<br><br>Доставени понуди;<br><br>Избран најдобар понудувач:<br><br>Донесени одлуки за | Записници<br><br>Документаци-ја;<br><br>Одлуки |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | * Избор на најдобра понуда Изведување на потребни зафати за ентериерно уредување;; * Вклучување на родители, локална заедница и наставници заради намалување на трошоците;; | | | | | пренаменува-ње; | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Да се пушти во употреба повеченаменската просторија за учениците и вработените; | Информирање за сите активности и случувања кои ќе се реализираат (работилници, презентации, обуки, состаноци). | Работен тим и надворешни членови<br><br>Вработени<br><br>ученици | Училиште<br><br>Простори-ја<br><br>Опрема | Обезбеде-ни по пат на спонзорст-во и јавно партнерст-во | април, 2029 г. | | Пуштена во употреба повеќенамен-ска просторија |

***ул „Васил Главинов“ бр. 4, 2000 Штип***
***Phone: 032/ 391 459***
***Fax: 032/ 380 633***
***Email: sstojmenski@yahoo.com***
***www: slavcostojmenski.edu.mk***